

Европски инструмент за демократија и
човекови права на Европската Унија

# ПРЕКУ МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ КОН СОЖИВОТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Позитивни искуства и добри пракси за надминување на етничките предрасуди и стереотипи кај средношколската младина и создавање на сигурни простори за интеракција, меѓусебно запознавање и заеднички активизам

ANTICO

MULTIKULTURA

# ПРЕКУ МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ КОН СОЖИВОТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

*позитивни искуства и добри пракси за надминување на етничките предрасуди и стереотипи кај средношколската младина и создавање на сигурни простори за интеракција, меѓусебно запознавање и заеднички активизам*

**Европски инструмент за демократија и човекови права на Европската Унија**

Оваа публикација е изработена со помош од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е исклучиво одговорност на ЖГИ АНТИКО и Мултикултура и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европска Унија

**Издавач:**
Женска граѓанска иницијатива АНТИКО
„Вуковарска“ 23/1-2
1000 Скопје
Тел.++389 (0)2 2 614 641; ++389 (0)2 2 61 130
e-mail: antico@t-home.mk, contact@antiko.org.mk
www.antiko.org.mk

Наслов: **Преку младински активизам кон соживот на различностите во заедницата:** позитивни искуства и добри пракси за надминување на етничките предрасуди и стереотипи кај средношколската младина и создавање на сигурни простори за интеракција, меѓусебно запознавање и заеднички активизам
**Уредник:**
Ѓунер Небиу
**Автори:**
Даница Јованова
Ѓунер Небиу
Александра Јовевска
Мислиме Османи

**Дизајн и техничка подготовка:**
Пропоинт

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.723-021.463:316.346.32-053.6(497.7)

ПРЕКУ младински активизам кон соживот на различностите во заедницата : позитивни искуства и добри пракси за надминување на етничките предрасуди и стереотипи кај средношколската младина и создавање на сигурни простори за интеракција, меѓусебно запознавање и заеднички активизам / [автори Даница Јованова ... и др.]. - Скопје : Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, 2013. - 28 стр. : илустр. ; 21см
Автори: Даница Јованова, Ѓунер Небиу, Александра Јовевска, Мислиме Османи

ISBN 978-9989-2824-7-8
1. Јованова, Даница [автор]
а) Мултикултурализам - Младински активизам - Македонија
COBISS.MK-ID 95095050

# СОДРЖИНА

1. Вовед. ....................................................................4 стр.
2. Европска Унија ......................................................5 стр.
3. За проектот ...........................................................6 стр.
4. Реализирани активности...........................................8 стр.
   - Тренинг за тренери за мултикултура. ......................8 стр.
   - Циклус на работилници во средните училишта......9 стр.
   - Летна школа за мултикултурализам. ......................10 стр.
   - Менторска поддршка ..............................................13 стр.
   - Јавни акции во заедницата ....................................14 стр.
   - Реализирани активности во рамките на јавните акции во заедницата ..............................................15 стр.
   - Национална конференција ....................................23 стр.
5. Продукти, резултати и влијание на проектот ..........25 стр.

## Вовед

Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во процесот на образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градење на кохезивно општество кое ги негува вистинските вредности – мир, почитување,толеранција, ненасилство и дијалог помеѓу различностите. Аспирациите за членство во ЕУ се заеднички за сите граѓани на нашата држава, меѓутоа тие најпрво треба да научат да ги разбираат, прифаќаат и почитуваат различностите во сопствената земја, за да можат да пристапат кон мултикултурното и мултиетничкото семејство на Европската Унија.

Развојот на мултикултурното општество е возможно преку воочување и отстранување на причините за насилно однесување, решавање на проблемите и предизвиците, со цел да се изгради слободен и сигурен простор за развој на поединци и групи втемелени на соработка, поврзување и дијалог. Во тој контекст, средношколската младина е потенцијал кој заслужува внимание и кој навремено треба да се насочи кон вистинските вредности.

Причините за појавата на меѓуетнички тензии во образовните институции, особено во средните училишта во нашата земја, Женска граѓанска иницијатива (ЖГИ) АНТИКО ги има идентификувано низ процесот на реализација на активности со младата популација на полето на промоцијата на културата на мирот и ненасилството, а и следењето на контекстот во кој живееме, актуелните состојби и случувања, како и врз основа на поедини студии и истражувања од страна на невладини организации и релевантни институции. Генерално, слабата комуникација, непознавањето на различните култури и вредности, јазичните бариери, недоволниот степен на толеранција и дијалог, како и постоењето на етнички предрасуди и стереотипи се некои од причините за недоразбирањата помеѓу младите и појавата на конфликти. Во мултиетничките средини ретко можат да се сретнат заеднички простори за меѓуетничка интеракција, дијалог, комуникација и соработка помеѓу младите. Како индивидуи кои се во развој и се во фаза на градење на сопствениот идентитет, тие претставуваат ранлива категорија на граѓани кои се подложни на негативни влијанија. Доколку не се работи континуирано со нив, можат да бидат изманипулирани за постигнување на несакани ефекти. Затоа, особено е важно како ќе им се пристапи на младите и како тие ќе научат да ги разбираат и почитуваат вредностите на културната разновидност, но притоа и самите да бидат креатори и имплементатори на акциите кои зближуваат и промовираат мир и соживот.

Во текот на реализацијата на програмата „Младите и мултикултурализмот“ изминативе години, ЖГИ АНТИКО ја воочи потребата за превземање на континуирани и амбициозни чекори кои водат кон создавање на трајни вредности кај младата популација кои и во иднина ќе ги негуваат и практикуваат. Беа одржани три „Школи за мултикултурализам“, публикуван е „Прирачник за мултикултурализам“, реализирана е конференција на тема „Како младите го чувствуваат духот на мултикултурализмот“, а преку континуираните обуки на млади волонтери во локалните организации, членки на мрежата на АНТИКО, младите ги градеа своите капацитети за граѓански активизам.Задоволни од постигнувањата и мотивирани содржински да ја збогатиме и развиваме програмата, а и да дадеме свој придонес во мобилизирањето на младите за промовирање на позитивните цели и идеали за мир, толеранција, еднаквост, достоинство, човекови права, граѓански активизам и демократија, пристапивме кон реализација на овој проект. Позитивна практика од оваа иницијатива е преминот од теорија во пракса, обезбедување на самостојност во креирањето и спроведувањето на акциите, поттикнување на креативност и мотивираност на младите.

## Проектот: ‘’Преку младински активизам кон соживот на различностите во заедница” е финансиран од Европскиот инструмент за демократија и човекови права (EIDHR)

ЕВРОПСКА УНИЈА



Европската Унија има 28 земји членки кои за време на педесетгодишното проширување, постепено ги поврзаа своите ресурси и изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој притоа негувајќи ја културната разновидност, толеранција и индивидуални слободи.
Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и вредности со земјите и народите надвор од нејзините граници.
Европскиот инструмент за демократија и човекови права (EIDHR) е една од најстарите програми на Европската Унија и е наменета за поддршка на развојот и зајакнување на човековите права и демократијата низ светот

## За проектот

Оваа брошура е изработена како резултат на проектот „Преку младински активизам кон соживот на различностите во заедницата“ кој се реализира во периодот од 16.12.2012 - 17.01. 2014 од страна на ЖГИ АНТИКО како носител на проектот и партнер организацијата Мултикултура од Тетово, а со поддршка од Европска Унија во рамките на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).

Проектната идеја е во насока на постигнување на кохезија помеѓу младинските групи во заедниците. Нивното заедничко анимирање е индикатор за надминување на проблемите од мултиетнички карактер и соживот. Локалните младински капацитети се значаен фактор за иницирање на позитивни промени со понатамошен ефект на мултипликација, како во образованието, така и во заедницата воопшто. Генерално, во целиот процес на акцијата една од основните задачи ни беше да се создаде конструктивна атмосфера помеѓу членовите на групите и да се стимулира и охрабри нивната иницијативност и мотивираност. Младите, заеднички работеа на идентификување на проблемите во заедницата, предлагаа решенија и реализираа активности, што придонесе да чувствуваат одговорност и при градењето на својот личен развој и идентитет со цел да сфатат дека тоа што го прават е корисно и позитивно за самите нив и за општеството.





## Цел на проектот:

Придонес кон зголемување на улогата и активизмнот на младите во промовирањето и практикувањето на вредностите на мултикултурализмот и соживотот во заедницата

## Специфични цели:

1. Зајакнување на младински капацитети за практична примена и развој на мултикултурализмот во локалните заедници
2. Зголемување на видливоста на мултиетничките иницијативи на младите на локално ниво – практикување во заедницата.
3. Подобрување на соработката помеѓу релевантните субјекти, младинските неформални групи и засегнатите страни во однос на примената на модалитети и најдобри практики за развој на мултикултурализмот кај младите

## Целни групи

Во проектната реализација беа вклучени:

- 16 студенти/апсолвенти на факултетите за педагошки и општествени науки од Скопје и Тетово - учесници на ТОТ (на теми од мулмултикултурализмот - ПЕЕР едукатори и реализатори на работилниците во средните училишта)
- 200 средношколци од I до III година од различна етничка припадност од средните мултиетнички училишта „Арсени Јовков“ и „Здравко Цевтковски“ од Скопје и „Ѓоце Стојчески“ и „8 Септември“ од Тетово
- 8 професори од гореспоменатите училишта во улога на ментори на учениците, поддржувачи во реализацијата на активностите и организатори на работилниците

# Реализирани активности

## Тренинг за тренери за мултикултурализам

Преку учество на „Тренингот за тренери (ТОТ)“ (циклус од две обуки, од 14-ти до 17ти и од 29-ти до 31-ви март 2013 година) 16 студенти/апсолвенти на факултетите за педагошки и општествени науки од Скопје и Тетово, ги зајакнаа своите капацитети за мултикултурализам и фацилитаторските вештини за спроведување на обуки со младите, со цел заеднички да изнајдат соодветни модалитети за негово практикување.

Овој тим на млади ПЕЕР обучувачи од повеќе локални заедници, кои покажаа огромна желба и ентузијазам и ги надградија своите знаења и вештини за да продолжат да ги мултиплицираат истите во училиштата, граѓанскиот сектор и во своите локални заедници. Ова претставува одржлив ресурс и потенцијал кој обезбедува понатамошен континуитет на активностите. Имајќи ја предвид нивната професионална определба како идни( можни) просветни работници, сметаме дека нивниот придонес ќе биде од огромно значење и за образовниот процес. Водени од искусните обучувачи, учесниците на ТОТ имаа можност успешно да ги совладаат фацилитаторските вештини и методологијата за реализација на работилници, како и тематските подрачја поврзани со мултикултурализмот – ненасилна комуникација и трансформација на конфликти, предрасуди и стереотипи, медијација, преговарање и донесување на одлуки со консензус, тимска работа, граѓански активизам, спроведување на јавни акции во заедницата и сл. Нивната обука меѓу другото вклучуваше и практична работа: самостојно планирање на сесии, подготовка на презентации и практични вежби, реализација на работни сесии, снимање со камера, давање фидбек од страна на обучувачите и група-



та. Применетите интерактивни методи и техники на ТОТ, стимулираа интеракција помеѓу учесниците, споделување на искуства, но и нивно поврзување вмрежување и меѓусебно запознавање - со различните традиционални и културни вредности, обичаите, религиозните убедувања и др. Тоа придонесе кон компактноста на групата, нови пријателства, размена на идеи и креативни предлози за нови активности и иницијативи, но и надминување на некои постоечки предрасуди и стеротипи едни за другите.









## Циклус на работилници во средните училишта во Скопје и Тетово – мултиплицирање на знаењата

Групата млади обучувачи распределени во 8 тима, во периодот април-мај 2013 год. преку одржување на 32 работилници, стекнатите знаења ги мултиплицираа во 4-те средни мултиетнички училишта.
На работилниците зедоа учество 200 ученици. Темите кои ги обработи секоја група на ученици во рамките на циклусот од по 4 работилници се однесуваа на мултикултурното општество, комуникациските вештини и ненасилната комуникација, справување со конфликтите и јавен активизам во заедницата.
Обучувачите ја имаа предвид возраста на учесниците и токму поради нивните специфики и со цел да го задржат нивното внимание и интерес, дизајнираа методологија која обезбедува нивно постојано анимирање за време на работилницата – групната динамика, индивидуални и групни вежби, дебати. Секој од нив имаше можност да ги искаже своите видувања и ставови во врска со темите, да прогово-ри за проблемите и бариерите со кои се соочуваат младите од различните етнички заедници и да даде свои предлози за нивно надминување. Од страна на обучувачите посебно беа акцентирани трите значајни компоненти за понатамошниот активизам: личен развој, тимска работа и вклучување/иницијативност

во заедницата. Консултациите со професорите /ментори во процесот на реализација на активностите претставуваше значаен сегмент во обезбедувањето на вклученост на наставниот кадар,
Средношколците покажаа висок степен на зрелост, сопствени ставови и гледишта во однос на постоечките состојби на полето на мултикултурната интеракција во образованието. Притоа, изразија подготвеност да научат повеќе за другиот соученик од различна етничка заедница како основен предуслов за подобрено разбирање, непречена комуникација, надминување на стреотипите и предрасудите и заемно почитување. На крајот, сепак се согласија дека нивните проблеми и интереси се исти или слични, како на сите млади и дека заеднички можат многу да направат со цел да ја унапредат својата иднина и да ја зголемат улогата на младите во процесите на одлучување и креирање на стратегии и програми кои ја тангираат младата популација. Со тоа тие ќе бидат активни чинители и ќе дадат придонес во одржливиот развој и мир.

## Летна школа за мултикултурализам

**Охрид, 15. 06. – 20. 06. 2013 год.**

На „Летната школа за мултикултурализам“ партиципираа 43 учесници, од кои 24 ученици средношколци од четирите таргетирани училишта од Скопје и Тетово, нивните професори/ментори, но и дел од тимот млади обучувачи кои имаа можност преку асистенција во реализацијата на одредени сесии да продолжат да ги надградуваат своите вештини и активно да учествуваат во креирањето на јавните акции со средношколците.
Одржувањето на „Летната школа за мултикултурализам“ за учениците претставуваше дополнителен предизвик и мотивација за да успеат во намерата како движечка сила, иницијатори и креатори на активностите во нивните училишта и заедницата, кои се насочени кон градење на довербата, меѓуетничката интеракција и разбирање. Беа избрани солидни, инвентивни ученици, кои покажаа активност на работилниците и во вон-наставните активности, ученици кои веруваат во себе и имаат интерес и желба да продолжат во практикувањето на мултикултурализмот и да вклучат и други млади лица. За време на „Летната школа за мултикултурализам“ тие имаа можност да ги продлабочат и да ги надградат своите

знаења и вештини, да се дружат и преку содржини од креативен и забавен карактер меѓусебно да се запознаат, но и отворено да дискутираат и дебатираат околу проблемите и причините кои се извор на тензиите и конфликтите, трудејќи се да ги доближат своите ставови и да изнајдат практични решенија за нивно надминување или елиминирање.
Новите пријателства и цврсти релации кои ги создадоа за време на шестдневниот период на заедничкото учење, активна работа и дружење, се само индикатор дека е потребно да се создадат заеднички



сигурни простори за меѓуетничка интеракција, добра волја, висока свесност и желба за комуникација – активно да се слушаме, да се трудиме да разбереме и да ги отстраниме бариерите кои претходно сме ги создале во нашите глави под влијание на средината, опкружувањето, семејството или други фактори. Ако овие млади, докажаа дека тоа е можно, тогаш постои оптимизам дека нашето општество има капацитет и успешно може да се интегрира и фокусира во унапредувањето на одржливиот развој и мир.
Средношколците со големо внимание и интерес се ангажираа околу совладувањето на соодветни тематските содржини. Особено беа активни во реализацијата на практичните вежби и дискусиите, додека пак вештините и техниките за креативно и уметничко изразување на нивните идеи ги научија со поддршка на обучувачите и волонтерите од Младински образовен форум. Во однос на темата fund raising средношколците се запознаа со методите за прибирање на средства од локални извори, имајќи предвид дека е мошне значајна за нивниот понатамошен активизам. Преку оваа тематика учесниците се стекнаа со знаења за начините на кои можат да се организираат настани во заедницата преку обезбедување финансиски средства за спроведување на различни типови на (хуманитарни) и општествено корисни активности. За да можат наученото да го спроведат во пракса. Младите учесници заедно со останати-

те учесници организираа аукција, и во хотелот каде на присутните гости им нудеа сувенири кои самите ги имаа изработено или купено. Со оваа акција тие собраа 8.300 денари и воспоставија контакт и соработка а со Црвен крст од Охрид и ги подарија на двегодишната Симона која е слепа и која живее со својата самохрана мајка и две постари сестри. Летната школа за мултикултурализам беше добра можност младите да работат на развивање на нивните идеи во јавни акции, кои потоа ќе ги имплементираат во заедницата. Заедно со своите професори/ ментори и младите фацилитатори, а со поддршка на тренерите и тимовите на ЖГИ АНТИКО и Мултикултура. Тие напорно работеа дури и во попладневните часови и подготвија 4 драфт планови за јавни акции. Во плановите ги наведоа проблемите со кои тие се соочуваат во училиштата и заедниците во нивниот секојдневен живот. Ги одредија целите и активностите со кои ќе влијаат на нивно решавање. Ги назначија одговорните лица, потребните ресурси и средства и индикаторите, односно показателите за успех. Дополнително, по завршувањето на Летната школа за мултикултурализам плановите беа финализирани преку континуирани работни состаноци и контакти со други засегнати страни и актери во заедницата, по што се пристапи и кон нивна реализација.
Оваа активност за средношколците, но и за останатите учесници претставуваше едно ново и корисно искуство.Нивното задоволство и впечатоците во однос на пристапот и применетата методолигија беа големи токму поради фактот што го олеснуваат совладувањето на материјата, даваат можност за интеракција и доближување, примена на теоријата во пракса и создаваат меѓусебни блиски релации за соработка, вмрежување и размена на искуства и заедничко делување во решавањето на проблемите, идентификувањето на предизвиците и потребите на заедниците.



## Менторска поддршка

Имајќи предвид дека менторството е значаен сегмент при процесот на следење како младите стекнатите знаења ги применуваат во пракса, во откривањето и искористувањето на потенцијалот на младите, поттикнувањето на активизам и поврзувањето на младинските групи со локалната самоуправа и останатите граѓански организација. Во текот на проектната реализација се промовираше и практикуваше учење преку менторство и тоа на неколку нивоа. Обучувачите/ експерти на ТОТ, по завршувањето на тренингот преку континуирано менторство ги поддржуваа младите тренери, со цел тие да се стекнат со поголемо искуство и да продолжат да се градат како одржлива група на обучувачи и идни медијатори во заедницата. Младите тренери, по завршувањето на работилниците, даваа менторска поддршка при плнирањето и реализирањето на јавните акции од страна на средношколците. Тие им ги пренесуваа знаењата, искуствата и информациите кои им беа потребни за да го зајакнат активизмот како во нивните училишта, така и пошироко во заедницата преку неформално младинско оргнизирање/движење.

Професорите ментори од средните училишта, беа директно инволвирани во активностите кои се реализираа во училиштата. Тие им ги пренесуваа своите искуства на младите обучувачи во однос на подготовката на едукативната програма, пристапот и работата со учениците, креирањето и спроведувањето на јавните акции и сл. Како ментори на своите ученици, тие им ја даваа севкупната поддршка за реализација на нивните идеи за време на спроведувањето на јавните акции и во однос на последователните активности. Вклучените професори и понатаму ќе го фацилитираат и менторираат меѓусебната соработка на учениците. Стекнатото искуство и метологија на работа им ја пренесуваа и на своите колеги од таргетираните училишта. Особена важен аспект на метологијата воспоставувањето на интерсекторската соработка помеѓу образовните институци, цивилниот сектор и другите релевани и засегнати страни.

Професорите - ментори имаа можност своето искуство од применетата метологија на работа, како добра практика да им ја пренесат во своите училишта со цел да ги вградат во училишните планови и програми како за наставни, така и за вонаставни активности. Во прилог на оваа е и издадениот Прирачник „Школа за мултикултурализам“ печатена во рамките на програмата на ЖГИ АНТИКО, која ќе послужи како ресурс кој ќе им помогне на наставниците од таргетираните училишта, но и пошироко да продолжат да ја применуваат во нивната училишна пракса.

# Јавни акции во заедниците

Јавните акции се охрабрување за младите да ја изразат **својата креативност и инвентивност**, отворено да зборуваат за проблемите со кои се соочуваат, да ги посочат решенијата и алтернативите за нивно надминување. Посебно е значајно што преку ваквиот вид на активност, имплементаторите ги ставаат во функција **и ги развиваат способностите за лобирање, јавно застапување, анимирање на истомислениците и/или создавање на нови сојузници и мрежи.**

Токму затоа оваа активност за младите претставуваше голем предизвик и можеби најинтересниот, најдинамичниот и највозбудливиот дел од проектот. Тие имаа можност стекнатите знаења и вештини практично да ги реализираат и едноставно со дела да покажат што знаат и што умеат. Средношколците од секое училиште подготвија по една јавна акција со повеќе планирани активности за решавање на идентификуваните проблеми и потреби на младите во нивното училиште /заедница, со посебен акцент на промовирањето на вредностите на мултикултурализмот, содавање на заеднички простори за интеракција и неговото поимање и практикување. Беа организирани повеќе од 24 активности во рамките на 4-те акциски планови кои придонесоа кон зголемена






видливоста на младинскиот активизам, анимирање на младите и останатите засегнати страни во заедницата во однос на отворените прашања и табу теми кои беа третирани со јавните акции. Спороведените активности во рамките на акциите беа прифатени и поздравени од пошироката јавност и медиумите, но најважно од се, беше тоа што, средношколците покажаа дека ненасилната комуникација почитувањето на различностите, толеранцијата и заедничката работа за постигнување на позитивни цели е поддржана и од заедница без разлика на етничките подел-



би. Во овој сигурен простор кој сами го креираа, се чуствуваа многу побезбедни и општествено покорисни и среќни.Се радуваа и со ентузиазам го планираа и имлементираа секоја активност. Преку овој начин на делување тие зајакнаа и стекнаа огромно искуство. Заедно ги делеаа одговорностите, успесите и предвиците.

# Реализирани активности во рамките на јавните акции

## Јавни дебати

Во рамките на акциските планови, од страна на учениците од четирите таргетирани училишта, беа организирани и имплементирани четири отворени јавни дебати на тема мултикултурализам. Учениците од училиштето „Здравко Цветковски“ од Скопје реализираа две јавни дебати. На првата дебата ( 26. 09. 2013) дискутираа на тема „Познавање и почитување на културата на другиот“, главна цел на дебатата беше препознавањето на меѓусебните традиции, обичаите, културата и религијата меѓу соучениците. На дебатата присуствуваа 41 учесник (средношколци и професори). Втората дебата (22. 10. 2013) беше на тема „Што научивме едни од други“ и се однесуваша на прашања поврзани со секојдневното практикување на мултикултурализмот..На оваа дебата учество зедоа 49 учесници (ученици, родители и професори) а беше поддржана и од страна на 3 медиуми.

Третата дебата беше организирана од страна на учениците од тетовските училишта (31. 10. 2013), „Ѓоце Стојчески“ и „8 Септември“ на која тие заедно ја организираа и дискутираа на тема „Интеркултур-

но образование: позитивен приод кон разликите“, со цел да се истакне значењето и улогата на мултикултурните активности кои се одвиваат во училиштата и општеството. На оваа дебата присуствуваа 30 учесници (ученици, професори и претставници на локалната самоуправа) а беше поддржан и од страна на една локална телевизија.

Учениците од „Арсени Јовков“од Скопје, на 31. 10. 2013 организираа дебата на тема „Мултикултурализмот – има ли иднина?“ со намера да ги разгледаат бенефитите и импликациите кои ги носи мултикултурализмот во себе. Дебатираа 40 учесници меѓу кои покрај учениците имаше и родители и професори.

На овие дебати учениците разменија мислења, го слушнаа и мислењета на поканетите гости во однос на дадените теми (професори, родители, преставници од локална самоуправа, ученици ), кои подетално се запознаа со културата, традицијата и обичаите на своите соученици од другите етникуми. Изградија ставови и едногласно заклучија дека во мултиетничките општества како што е нашето, постојат оптимални услови начини и можности оваа меѓусебна интеракција да се реализира во пракса. Треба малку повеќе добра волја, меѓусебна доверба, толеранција.




## Подготовка на промотивни и информативни материјали од страна на целните групи

Со цел помасовно да ја промовираат и да дадат јавност на своите пораки и да влијаат на негувањето на заедничките вредности и мултикултурализмот, целните групи во рамките на јавните акции, дизајнираа и- изготвија два флаера (едниот во комплетна изработка на учениците од „Арсени Јовков“ од Скопје, додека другиот како заедничка активност на учениците од „Ѓоце Стојчески“ и „8 Септември“ од Тетово). Флаерите подоцна беа дистрибуирани по останатите соученици, професори, родители и другите засегнати страни преку организирање на јавни перформанси. Во рамките на оваа активност беа печатени и дистрибурани 3000 примероци на флаери и брошури.



## Изведба на еколошка акција

Учениците од „Ѓоце Стојчески“ и „8 Септември“ од Тетово организираа еколошка акција со цел да ја зголемат свесноста кај населението и јавните институции за проблемот со загадувањето но и дека како заеднички проблем на сите луѓе за истиот треба заеднички да се дејствуваат без разлика на етничката припадност. Училишниот двор на „8 Септември“ беше исчистен и засаден со цвеќиња, а средношколците успешно ја пренесоа својата порака за мултиетничка толеранција. На еколошката акција учествуваа повеќе од 40 учесници (средношколци и професори). Настанот беше промовиран и од страна на два медиуми.

## Мултиетнички спортски турнир

Со цел да ја потсетат јавноста дека спортот не познава поделба по етникуми, учениците од „Ѓоце Стојчески“ и „8 Септември“ од Тетово организираа спортски турнир во одбојка и фудбал. Поделени во тимови, двете училишта се натпреваруваа едни со други, девојчињата изиграа натпревар во одбојка а момчињата еден фудбалски натпревар. Турнирот беше следен од голем број навивачи од двете училишта и други лица надвор од училиштата и 3 медиуми.



## Покрената иницијата за издавање на прв број на двојазичен училишен весник во историјата на училиштето насловен како ПРАВЕЦ-DREJTIM

Учениците од „Арсени Јовков“ од Скопје, покренаа иницијатива и учествуваа во подготовката, и издавање на првиот број на весник на нивното училиште. Весникот е двојазичен (македонски и албански) и преку него учениците сакаат да го промовираат мултикултурализмот и заедничките вредности кои ги негуваат сите етникуми со тенденција да се издава и понатака и да биде траен ресур и вредност кои ќе продолжат другите генерации. Весникот „Правец“, беше издаден во 220 примерока а беше промовиран и поделен во јавниот настап во Веро центарот. Дел од весниците се продадоа додека собераните средства со продажбата на весникот беа донирани во Дневниот центар за деца од улица. Како продолжување на мисијата преку организирање на културно- уметнички настапи, со цел да дадат придонес за реализрањето акции со хуманитарни цели.








## Акции со хуманитарни цели и музички настапи

Четирите училишни музички групи од „Арсени Јовков“ од Скопје, на 28. 10. 2013, одржаа хуманитарен музички настап во холот на училиштето со цел матријално да им помогнат на децата од Дневниот центар за деца на улица од Шуто Оризари. Беа изведени околу 10 нумери на македонски, албански, ромски, турски и србски јазик. Учениците од ова училиште со оваа акција порачаа дека хуманоста не познава етникуми и единствено со заедничко дејствување можеме да допринесеме за позитивен развој во општеството и да им помогнеме на оние на кои навистина имаат потреба од помош. Со овој настан беше соберена облека, играчки и финансиски средства кои подоцна беа донирани во Дневниот центарот за деца на улица. Во настанот учествуваа 20 музички изведувачи кои беа поддржани од повеќе од 80 посетители на настанот. Настанот беше промовиран преку 3 електронски медиуми и социјалните мрежи.









## Јавен перформанс за одбележување на Меѓународниот ден на толеранцијата.

На 15. 11. 2013, како заедничка активност на учениците од училиштата „Арсени Јовков“ и „Здравко Цветковски“ од Скопје, беше организиран музички и ликовен јавен настап во Веро Центар под мотото „Мултикултурализмот наш заеднички стремеж и остварување“. Цел на овој настан беше промоцијата на мултикултурните вредности во нашето општество но и обележување на Меѓународниот ден на толеранцијата. Учениците од овие две мултиетнички училишта реализира двочасовна програма во која преку читање поезија, музички настапи, ликовна колонија, промоција на училишен весник, ПРАВЕЦ- DREJTIM и делење на флаери изнесоа дел од културното богатство на македонскиот, албанскиот, ромскиот, турскиот и српскиот етникум. На перформансот учествуваа повеќе од 75 учесници а истиот беше проследен од многубројна публика - посетители на Веро Центарот и од страна на пошироката јавност благодарејќи на медиумската поддршка од страна на 17 медиуми.

## Организирани јавни акции за елиминирање на насилствата и почитување на човековите права „16 дена активизам против семејното и родовото насилство“ под мото: НЕ за уште една жртва!!! СТОП за родовото и семејното насилство!

Во спроведувањето на проектните активности, родовата димензија беше застапена во сите фази на проектот. Посебен акцент на оваа тема и беше дадена во,,Летната школа за мултикултурализам,, каде се обработија родовите концепти и нееднаквата положба на родовите/ половите како на ниво на семејството така и во сите други сфери на јавниот економскиот,културниот и политичкиот живот.
Оваа родова едукација, даде придонес за освестување и мотивирање на целните групи, дел од своите акциски планови да планираат активности за решавањето на прашањата на семејното насилство, чии корени се длабоко всадени во нерамноправната положба и нееднаквата поделба на моќта помеѓу половите. Оваа состојба воедно преставува плодно тло за продуцирање на насилства како во рамките на домот така и општеството.
Семејното насилство исто така има свое влијание и преставува закана за унапредувањето демократските процеси, почитувањето на човековите права и обезбедувањето на одржливиот мир и развој на општествата.
Податоците кои укажуваат на алармантните состојби на присуство на различни видови на домашно и родово насилство, беа повод целните групи на проектот - студентите и средношколците како неформална граѓанска иницијатива својот активизам да им го посветат на сензибилизирањето на јавноста и решевањето на прашањата преку активно делување во областа на превенцијата и заштита. Тие се определиа да организираат кампања за освестување, информирање и едуцирање на среденошколци од 8 средни училишта, преку организирање на работилници на оваа тема и организирање на повеќе јавни перформанси и делење на 40.000 примероци на информативни, едукативни и промотивни материјали, како во рамките на училиштата и факултетите, така и на пошироката јавност и инстутициите и засегна-

тите страни. Акциите се организираа во рамките на Меѓународната кампања: „16 дена активизам против семејното и родовото насисլство“ (25.11-.2013 – 09.12.2013).

Учениците од сите таргирани училишта се вклучија во промоцијата и обележувањето на оваа акција. Тие упатија порака до јавноста за деструктивноста и штетноста на оваа појава кој не е етничко-селективна и нагласија дека заеднички треба да дејствуваат за нејзиното искоренување. Учениците го дадоа својот придонес со неколкудневното делење на 40.000 промотивни материјали на оваа тема во образовните иституции, локалните самоуправи,владини институции-министерсва, парламентот, продавници, банки, пошти, автобуски станици, здравствени установи, јавни претпријатиа, амбасади супер маркети и други јавни места.



## Организирани работилници против семејното и родовото насилство

Во текот на 16 дена беа организирани и работилници во 8 (скопски и тетовски училишта). Работилниците беа одржани од страна на дел од младите ПЕЕР тренери, кои ги упатија учениците во симптомите на семејното насилство, ризиците на кои се изложени жртвите, последиците во околината и начините на третирање, превенција и заштита на жртвите. На работилници учествуваа над 250 средношколци и студентити од педагошките факултети и факултетите по општествени науки кои беа многу активни во дискусиите и ја споделија својата загриженост во однос на прашањата поврзани со насилството. Како идна активност во рамките на јавните акции во заедницата, учениците планираа да спроведат јавен настан по повод одбележување на 10-ти декември, Меѓународниот ден на човекови права, со што ќе се заоружат активностите во рамките на јавните акции како продукт и фолуап активности иницирани од страна на целните групи на проектот.

„Овој проект за нас младите има големо значење, стекнавме големо искуство и ги унапредивме нашите вештини во однос на третирање на прашањата поврзани со промовирање и практикување на мултикултурализмот. Покрај тоа стекнавме многу пријатели, другарувавме, се смеевме и научивме дека ако сакаш да бидеш почитуван, треба да почитуваш!“ – Едиб Хајдарпашиќ, ученик во „Арсени Јовков“ и директен учесник во проектот.



# Национална конференција[1]

Националната конференција е завршна проектна активност која ќе се реализира на 3-ти декември 2013 година. Целта на конференцијата е сумирање на постигнатите резултати и придобивките од спроведените проектни активности, фокусирани да дадат придонес во застапувањето на политиките и збогатување на теоријата и праксата во областа на изградбата на мирот во заедницата, преку создавање на заеднички простори за меѓуетничка интеракција и промовирање на младите како сериозни партнери за остварување на позитивни промени. На конференцијата ќе се дискутира и на теми од имплементацијата на Стратегијата за интегрирано образование во пракса, како а и улогата и придонесот на цивилниот сектор во оваа област.

На конференцијата се поканети да учествуваат над 100 учесници: преставници на целните групи, владини образовни институции, граѓански организации, меѓународни организации, соработници, претставници од локалната самуправа, преставници на советот на родителите, професори, ментори, обучувачи, образовни институции каде се спроведуваат активностите и други засегнати страни, од кои се очекува конструктивна дијалог и соработка во однос на унапредувањето на мултикултурните односи и соработка кој ќе даде придонес во елиминирањето на постоечките бариери и појави на зачестени насилствата на етничка база помеѓу младите.

Продуктите кои очекуваме да произлезат од овој настан се: конкретни препораки, заклучоци и иницијативи за подобрување на активизмот на младите во промовирањето и практикувањето на меѓуетничкиот соживот и толеранција; предлози за ефективна имплементација на Стратегијата за интегрирано образование и доближување на ставовите на различните субјекти околу позитивните аспекти на Стратегијата, кои даваат одржливи резулатати во наставниот и вонставниот процес.

Препораките и заклучоците, ќе бидат доставени до образовните институции: советите и директорите на училиштата, наставничкиот совет, родителските совети одделенските активи, ЕЛС – Комисија за меѓуетнички односи, Агенција за развој на образованието, Министерството за образование, Подрачните единици на министерството за образование, граѓанскиот сектор и медиумите. Тие истовремено ќе бидат инкорпорирани и во акциските планови на програмата на АНТИКО „Младите и мултикултурализмот“.

На оваа конференција применуваме и еден иновативен и креативен пристап и метологија на рабо-

1 Брошурата е печатено непосредно пред реализирањето на конференцијата (во периодот кога се завршени сите подготовки за нејзина одржување), од причини што нејзината промоција е планирана да биде на самата конферncијата.

та - односно давање на можност на целните групи на проектот да бидат во фокусот на конференцијата.- односно нејзини активни учесници (како во организаторскиот, така и во содржинскиот аспект ). Студентите и средношколците заедно со преставниците од горенаведените институции и актери, ќе имаат простор за активно учество со своите презентации за постигнатите резулатати од спроведените нивни активности во заедницата во рамките на 4 јавни акции со над 24 организирани/спроведени активности во заедницата, планирани иницирани и спроведени од страна на самите целни групи, во рамките на проектот.
На конференцијата ќе се презентираат нивните искуства, добрите практики и предизвиците со кои се соочија во овој процес на имплементација. Целните групи ќе дадат сопствена анализа на влианието на проектот во јакнењето на нивните капацитети и активно делување во заедницата, како на индивидуално така и на групно ниво.
Исто така, тема за анализа и дискусија ќе биде како применатата метологија на работа влијаеше на нивната освестеност, мотивираност, креативност, активизам и спремност, за прифаќање на различностите, формирање на неформални мрежи и заедничкото делување во етнички мешан состав во заедницата. Целните групи ќе ги споделат своите научени лекции и добрите искуства во однос на компонентите кои



ја обезбедија одржливоста на проектот. Повратните информации добиени од целните групи во работниот дел на конференцијата и нивните анализи имаат многу големо значање во збогатувањето на теоријата и праксата во областа на интегративните процеси во мултикултурните заедници /општества, како за ЖГИ АНТИКО и Мултикултура, така и за другите организации од граѓанскиот сектор и релевантните институции на формалното и неформалното образование, со цел истите да бидат инкорпорирани во програмите и плановите за делување.

## ПРОДУКТИ, РЕЗУЛАТИ И ВЛИЈАНИЕ НА ПРОЕКТОТ

- Проектот даде позитивен пример, за ефективна имплентација на неформалното интеркултурно образование во создавањето на **сигурени простор за меѓуетничка интеракција**, како траен процес насочен кон визијата за праведно општество и важен чекор за одржливиот мир и развој во локални и глобални рамки.

- Пристапот и методологијата на работа се покажа многу ефективни, го потикна освестувањето, мотивацијата креативноста и вмрежувањето помеѓу младите од повеќе етнички групи во училиштата и надвор од неа.

- 75% од средношколците кои поминаа низ сите фази на едукација преку искуствено учење, менторирање меѓусебно поврзување-вмрежување и практично делување ги зајакнаа капацитетите и изработија на **4 акциски планови** и спроведоа 24 фолуап активности во заедниците. Во реализираните акции учествуваа студенти и среднишколците како директни учесници, додека професорите, локалната самоуправа, родителите, бизнис секторот и пошироката јавност како индиректни учесници -

- Преку главните активностити на проектот 6 дневен ТОТ 32 одржани работилници во училиштата, континуираната менторската поддршка; 6 дневната „Летна школа", организираните јавни перформанси, мултиетнички концерти, хуманитарни и еколошки акции, мултиетнички спортски настани/турнири, подигнување на иницијатива и издавање на прв училишен мултиетнички весник од страна на учениците ( целните групи на проектот и нивните ментори ) со наслов ПРАВЕЦ –DREJTIM, кампањи за елиминирање на домашното и родовото насилство оствaрија влијание и позитивни промени на ниво на индивидуи групи и заедницата.

**<u>На инивидуално ниво</u>** – целната група – студенти идна мрежа на ПЕЕР едукатори и средношколците ги зајакнаа своите капацитети и ја зголемиа својата самодоверба, знеаења, вештини, мотивација, свесност за можностите за личен развој и активизам како придонес во изградбата на мирот и подобрувањето на меѓуетничките односи во училиштето и надвор од неа.

- преку обработката на теми од областа на запознавањето на другите култури, мултикултурните вредности, ненасилсната комуникација и приципите на толеранцијата, плурализмот, јавниот активизам идрг. помогнаа тие да ги надминат дел од постоечките меѓусебни предрасуди и стереотипи и да ги почитуваат и прифаќаат различностите.

На ниво на групата: проектот влијаеше на поврзувањето и вмрежување на средношколците од различни етнички групи. Тие се самоорганизираа и формираа 4 неформални мрежи кои имаат капацитети и реални можности за долгорочно делување како мултиетнички тимови кои активно делуваат во областа на потикнувањето на граѓанскиот активизам како начин на решавањето на проблемите во заедницата. Тие заедно преку групна динамика, стекнаа знаења, вештини и потребно искуство за осмислување, планирање и спроведување на волонтерски иницијативи/акции/ проекти за содавање на простори за меѓуетничка инитеракција и покренаа иницијативи и дадоа видливост за проблемите и потребите на младите. Тие упатија многубројни пораки до сите актери кои може да дадат придонес за решавањето на проблемите на младите и надминувањето на меѓуетничките тензии и насилства кои се манифестираат во одредени мултиетнички средини.

**На ниво на заедницата** - Печатените над 4000 примероци на информативни и промотивни материјали на тема на мултикултурализмот, толеранцијата ненасилството како и реализираните јавни акции во заедницата**-** организирани јавни дебати, спортски турнири, еколошки и хуманитарни акции, обележување на Денот на Толеранцијата**,** 16-ти ноември под мотото:,**,**Мултикултурализмот наш заеднички стремеж и остварување,, со учество на голем број млади од скопските училиштата, поширока јавност дистрибуција и над на 1000 примероци на печатени информативни и промотивни материјали на теми од вредностите на мултикултурализмот и граѓанскиот активизам, медиумските прикажување на националните, локалните, електронските и социјалните медиуми, влијаеше и на пошироката јавност и другите актери во заедницата.

- Воспоставената меѓусекторска соработка помеѓу средните училишта, вклучени во проектот, но и други училишта од градот и пошироко (институциите на локалната самоуправа, Подрачните единици на Бирото за развој на образованието, локални медиуми, совет на родителите и дриги релевантни актери дадоа придонес за зголемување на ефективноста и одржливоста на проектот.
- Воспоставената соработка со бизнис секторот, организираните културно уметнички настани во Веро Центарот кој обезбеди бесплатено користење на јавен простор. (Јавен настан за обележување на 16 Ноември меѓународен ден на ТОЛЕРАНЦИЈАТА организиран од страна на 2 скопски мултиетнички училишта со учество на музички бендови од повеќе училишта, организирање на ликовна колонија и литературни – поетски творби на соответните теми од областа на мултикултурните вредности и изградбата на одржливиот разовој и мир во заедницата).

## Голема благодарност за укажаната доверба и поддршката која ја дадоа за реализирање на овој проект им упатуваме на:

- ЕУ Делегацијата
- Министрeството за образование и наука
- Бирото за развој на образование
- Директорите (ките) на средните училишта: „Арсени Јовков“ и „Здравко Цевтковски“ од Скопје и „8 Септември и „Ѓоце Стојчески“ од Тетово
- Професорите и професорките – ментори од училиштата: „Арсени Јовков и „Здравко Цевтковски“ од Скопје и „8 Септември и „Ѓоце Стојчески“ од Тетово
- Волунтерите од Младински образовен форум
- Обучувачите и тимот на млади ПЕЕР Едукатори
- Учениците и професорите од четирите таргетирани училишта кои учествувале во реализацијата на јавните акции





Скопје, Ноември 2013

Оваа публикација е изработена со помош од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е исклучиво одговорност на ЖГИ АНТИКО и Мултикултура и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.